На сите осамени деца на планетата Земја.

# ЗИГИ



# Зиги

Зиги е дете во многу бои. Книгите за вселената, песните на Дејвид Боуви, на Квин и неговата љубов кон цртањето се неговите омилени нешта што го носат во еден свој свет каде што е слободен и бесконечен. А се прашувате зошто се чувствува заробено?
Зиги е дете што се разлика од другите деца во средината во која живее и учи, и затоа често е исмеван од другите и нема свои другари.
Но, Зиги е храбро дете, па така еден училиштен ден ќе ги промени сите други со својата слобода и храброст.

Ајде да откриеме како се случи тоа...

Зиги живееше во градот Хаб. Предметите физика и музичко му беа омилени, затоа што на овие часови Зиги бескрајно патуваше во вселената истражувајќи ја. Секое негово патување имаше своја песна. Неговата омилена беше „Просторна необичност“ и секојпат кога ја слушаше се замислуваше како астронаут што патува и ја открива вселената. А зошто сакаше да биде астронаут?

Зиги не чувствуваше дека припаѓа на оваа планета. Често беше исмеван поради светлите бои на облеката што ја носи, музиката што ја слуша и книгите што ги чита, па така другите деца го избегнуваа и не сакаа да се дружат со него. Зиги беше премногу различен од сите нив, па тоа ги плашеше затоа што им беше непознато.

Но, секој ден кога ќе завршеше последниот училиштен час, тој беше среќен затоа што токму тогаш можеше да биде сам во својот замислен свет.







Често, одејќи кон неговиот дом, ги замислуваше другите деца како големи и страшни фигури што го следат и му довикуваат лоши зборови: Чудаку! Погледни се! Повторно во таа твоја облека! Што се замислуваш?

Но, и покрај тоа, Зиги беше дете што веруваше дека храброста и слободата може да го променат светот, и тој секогаш имаше идеи што ќе го однесат надвор од него.




Најголемиот дел од времето го поминуваше во својата соба и во неа се чувствуваше слободен. Но го загрижуваше помислата дека постои и друг свет, оној надворешниот, каде што не се чувствува како да е дел од него.

Па затоа, само во овие моменти посегнуваше по својата капа, која ја чуваше под креветот и беше неговата тајна за тоа кој е навистина Зиги.

Во тие моменти, Зиги се чувствуваше како најбестрашниот херој, а најважно од сè, Зиги беше среќен затоа што не мораше ништо да сокрива. Оваа капа безгранично го отвораше неговото срце.







Во ноќните часови седнуваше покрај својот прозорец од каде што ја гледаше улицата на која играа деца. Негови најдобри пријатели беа книгите, музиката, цртежите и стриповите затоа што другите деца не сакаа Зиги да биде нивни другар.
Тоа често го растажуваше затоа што тој знаеше да биде добар другар, сакаше да го споделува тоа што го научил и што го истражувал, а најмногу од сѐ сакаше да им помага на другите. Зиги пронајде утеха во својот свет што сам го креира за да се заштити.




Зиги беше среќно дете затоа што со неговата сестра сакаа исти нешта и, често, пред да заспијат, водеа долги разговори.

Но, кога Зиги ќе заспиеше, сонуваше еден ист сон што долго време го измачуваше.

Сонот беше неговата реалност и во него Зиги секогаш се бореше да се ослободи од конецот што беше обмотан околу неговото тело, и секојпат не успеваше. Тоа беше неговата борба со своите вистински чувства. Но, овој пат, во сонот успеа да се ослободи од својот конец и за првпат гласно извика:
Јас ја прифаќам својата различност!






Ова негово прифаќање му помогна да не чувствува срам и страв, па за прв пат својата капа ја понесе и во училиштето.

И тогаш се случи чудо. Кога другите деца ги здогледаа неговата храброст и неговите вистински бои, престанаа со исмевањето.

Наместо тоа, како времето да застана за миг и како секое од децата да го замисли својот вистински свет во кој би сакал да живее доколку се ослободи од својот страв. За прв пат престанаа да чувствуваат омраза и лутина кон она што за нив беше непознато, затоа што секој од нив си дозволи да го погледне она што искрено и длабоко го посакува.






И тогаш, кога Зиги мислеше дека е сам на оваа планета, здогледа сенка што му се приближува, иста како неговата.

Нацртај како изгледа сенката што му се приближува на Зиги.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-3(084.11)

ДЕСПОДОВА, Марија
Зиги / [текст Марија Десподова ; илустрации Ѓорѓи Десподов]. - Скопје : Хелсиншки комитет за човекови права, 2020. - [24] стр. : илустр. ; 23 см

ISBN 978-608-4790-80-8

1. Десподов, Ѓорѓи [илустратор]

COBISS.MK-ID 52785413

ЗИГИ, 2020
Ѓорѓи Десподов
Марија Десподова

Издавач: Хелсиншки Комитет за човекови права - Скопје / ЛГБТИ Центар за поддршка

Текст:
Марија Десподова

Илустрации:
Ѓорѓи Десподов

Уредник:
Ѓорѓи Десподов

Лектор:
Весна Костовска

Техничка подготовка:
Ѓорѓи Десподов

Печати:
Фото Зрак, Прилеп

Тираж:
40

"Оваа публикација е овозможена преку проектот Млади ативисти за промена (МАП), кој е финансиски поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија. Мислењата и ставовите произнесени во публикацијата не мора задолжително да ги изразуваат официјалните ставови на донаторот ниту на спроведувачот."